22140131

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A: LITERATURE – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A : LITTÉRATURE – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A: LITERATURA – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Friday 9 May 2014 (morning)
Vendredi 9 mai 2014 (matin)
Viernes 9 de mayo de 2014 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a guided literary analysis on one passage only. In your answer you must address both of the guiding questions provided.
- The maximum mark for this examination paper is *[20 marks]*.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez une analyse littéraire dirigée d'un seul des passages. Les deux questions d'orientation fournies doivent être traitées dans votre réponse.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d'examen est *[20 points]*.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un análisis literario guiado sobre un solo pasaje. Debe abordar las dos preguntas de orientación en su respuesta.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es *[20 puntos]*.



© International Baccalaureate Organization 2014

https://xtremepape.rs/

*Напишете, според упатството, литературна анализа на само **еден** од следниве извадоци. Вашиот одговор мора да се однесува на двете долунаведени прашања:*

**1.**

**Извадок од „Запис и сништа за Александра Магнум“**

Од каде доаѓаш?
Од Никаде, господине.
А каде е тоа, човеку?
Македонија, господине.
Такво нешто никогаш не постоело,
не постои, ниту пак ќе постои некогаш,
човеку!
Знам, господине.
Та нели ви кажав оти сум од Никаде.

Плипот народ се беше насобрал во Дион тие денови. Врвулици луѓе од сите краишта на Македонија поточеа кон светиот град на Македонците. Старци, жени и деца, недоветни и умни, колобани и кепеци, слепи, сакати, бедни и богати, дуздисани и парталави, со еден збор сè што во Македонија можеше да стои на нозе во тие априлски денови на триста триесет и четвртата, појде кон градот под Олимп во кој нашиот крал ја приреди прошталната свеченост. Итаа на коњи, на мазги и магариња, а највеќе пеш. Мнозина заостануваа и отепани од умор ганзаа по патиштата како пијани кокошки. Талнуваа, скршнуваа кон исток, или кон запад. Некои дури се враќаа таму откај што пошле пред денови, несвесни за тоа. Други се струполуваа во ендеците крајпатни, по ливадите или во шумјаците, ќе преспиеја таму ден-два, ќе закрепнеа и во Дион пристигнуваа кога сè веќе беше готово.

Оние што стасаа навреме, а ги имаше повеќе илјади, дење го преплавуваа градот, неговите широки и недогледни авении, по кои Дион беше познат надалеку. А ноќе, кога дневните свечености ќе привршеа, илјадниот народ дојден од Горна и Долна Македонија, се распрснуваше по шумовитите падини на Олимп и вдолж песочниот брег на Белото море. Таму секој наоѓаше засолниште под некоја карпа, во грмушка, или копаше длабнатина во песокта, за да се мине ноќта и сонот да го пододмори телото за утрешните свечености. Априлските ноќи ги примија дионските гости во својата питомина. Сите девет дена, зашто свеченостите траеја токму толку денови, времето беше сончево и топло. За среќа годината не беше дрчовна. Не заврна ниту еднаш, ни тогаш, а ни три недели потоа, кога Александар го јавна Букефал на чело од триесет и петилјадната македонска армија. Дури некаде пред Хелеспонт заврна пороен пролетен дожд, повеќе и од добредојден.

Но, да се вратам во Дион каде што нашиот крал Александар ги приредуваше прошталните свечености. Јас такво нешто дотогаш немав видено. Еднаш бев на Олимписките игри во Атина, во Филипово време, кога во македонско-атинските односи дувна кусотраен топол ветер, меѓутоа, ова што го приреди македонскиот крал го надмина она што го бев видел таму. Во деветте дена се изредија на стотици поети, пеачи, актери, говорници, танчери, сликари и скулптори од сите краишта на Македонија. Дојдоа и гости. Од Епир, од Тесалија, од Тракија, а ги имаше и од Атина.

od Владимир Шопов, *Блесок*, Број 26 (2002)



https://xtremepape.rs/

(a) Изнесете го вашето сфаќање за сижето на извадокот.

(b) Проучете ја употребата на прекинување на текот на нарацијата во извадокот.



https://xtremepape.rs/

**2.**

**Мртвиот поет и младата дама**

Само стихови
Од мене виреат
Вчас цвет се
Вчас трева
Занишана од ветрот
И ветер
Што ги ниша тревите
И низ нив носи
Сеќавања ликови
Затворени
Во некое трето време
Каде зреат чекорите
Стапалото се крева
Лишено од потребата
За промена
А промената
Веќе настапила
Читаш
Од овие стихови
И не знаеш
си се напила
Во некој зафрлен
Агол на свеста
Вчас цвет си
Вчас трева
Занишана од ветрот
И ветер
Што ги ниша тревите
Завеана
Влегуваш во смеа
Тоа Јас во тебе
виреам и зреам

od Јордан Даниловски, *Блесок*, Број 23 (2001)

(a) Прокоментирајте го значењето на овој наслов и опишете го неговото влијание врз вашето толкување на песната како целина.

(b) Проучете ја необичната структура на песната и произнесете се за нејзината улога во изразувањето на мислите на поетот.



https://xtremepape.rs/